Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.01.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

**за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2025 година**

## 1.Цел

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во срединиte каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

## 2.Активности

Во 2025 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници :

| Р.бр. | Предлагач на проектот | Име на програмски активности | Одобрени средства од Буџетот на Општина Гевгелија |
|---|---|---|---|
| 1 | Месна заедница ,,Прдејци"-с.Прдејци | Коледарски хепенинг, Свети Трифун, панаѓурски дружења, 11-ти Октомври,Прдејчка вечер ,Новогодишна прослава | 30.000 ден. |
| 2 | Месна заедница "Ново Конско" - с.Ново Конско | Празнување на панаѓур во с. Ново Конско,одбележување на Стара нова година | 20.000 ден. |
| 3 | Месна заедница "Габрово" - с.Габрово | Празнување на панаѓур во с.Габрово; Митровден | 20.000 ден. |
| 4 | Месна заедница "Моин" - с.Моин | Новогодишни пакетчиња; Панаѓур во селото; 11-ти Октомври | 30.000 ден. |
| 5 | Месна заедница "Богородица" - | Првомајски трки; панаѓурски смотри; новогодишни | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | с.Богородица | пакетчиња,Василица,Цвеќиња за 8-ми Март | 30.000 ден. |
| 6 | Месна заедница ,,Трајко Алчинов“ с.Старо Конско | Илинденски средби, прослава на панаѓур за Митровден, Коледе | 20.000 ден. |
| 7 | Месна заедница "Серменин" - с.Серменин | Прослава на панаѓур на Илинден,прослава на Митровден,ручек во црквата Св. Ѓоргија,прослава на Велигден | 20.000 ден. |
| 8 | Месна заедница " Смоквица " - с. Смоквица | Празнување на панаѓур за Митровден,Прослава на Василица | 20.000 ден. |
| 9 | Месна заедница " Давидово " – с. Давидово | Прослава Василица; одбележување на празникот Св.Илија; | 20.000 ден. |
| 10 | Месна заедница " Мрзенци " – с. Мрзенци | Организирање на "Мрзенска вечер",Панаѓур | 20.000 ден. |
| 11 | Месна заедница " Петрово " – с. Петрово | Прослава на панаѓур ,прослава на Василица | 20.000 ден. |
| 12 | Месна заедница " Милетково " – с.Милетково | Панаѓур во селото,Фудбалски натпревар | 20.000 ден. |
| 13 | | Други активности | 130.000 ден. |
| | **ВКУПНО:** | | **400.000 ден.** |

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-146/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов**
**с.р.**